Врз основа на член 17 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година ООУ„Григор Прличев“ Охрид, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС – ПОКАНА за изведување на ученички екскурзии**

**1.НАБАВУВАЧ**

ООУ “Григор Прличев” Охрид, ул.Димитар Влахов бр.65,6000 Охрид,, тел: 046/265-062

- Дополнителни информации: Програмите за екскурзии и Понуда (образец) може да се добијат на горенаведена адреса

2.**ПОНУДУВАЧ**

Минимални услови кои треба да ги исполни понудувачот се:

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност;
- Да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата
- Да има успешно реализирано сопствена аранжманска програма во РСМ
- Да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- На денот на потпишување на договорот избраниот понудувач доставува банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзијата во висина од 5% -15% од вкупна вредност на договорот.
- Агенцијата да обезбеди лиценциран туристички водич и лекар.

***Понудата која не ги исполнува минималните услови ќе биде одбиена од страна на Комисијата како неприфатлива.***

*Документи кои треба да ги достави понудувачот*

- Документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на туристичка дејност, согласно позитивните прописи на РСМ
- Документ за превоз на група деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- Описот на услугата ќе биде наведен во образец понуда, која треба понудувачот да ја подигне од училиштето заедно со програмите за екскурзии.
- Лиценца за туристички водач и лекар.

***Документите не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот.***

3. **ПРЕДМЕТ НА НАБАВКАТА**

Предмет на набавката е делив и тоа за:

1. Изведување на дводневна екскурзија низ Македонија за ученици од VI одд. (мај 2024 год).
2. Изведување на тридневна екскурзија низ Македонија за ученици од IX одд. (12.6.2024-14.6.2024 година)
3. Изведување на еднодневна екскурзија за ученици од III, VII и VIII одделение, (април/мај 2024 година.)

Вид на договор : Услуги со одложено плаќање и други поволности (гратиси за деца од социјално загрозени семејства).

4. **КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ**

Најниска единечна цена по ученик

5.**РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ**

Понудата треба да се достави во рок од 5 работни дена од денот на објавување во двата весника во архива на Училиштето, или по пошта на адреса ООУ ”Григор Прличев” Охрид ул. „Димитар Влахов“ бр.65 Охрид.

Понудата се приложува во оригинален примерок во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса. Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој е адресиран со точна адреса на договорниот орган, а во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.Доколку сите плика не се запечатени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за дополнително вметнување на документи или предвремено отворање на понудата.

Отварање на понудите ќе биде спроведено од страна на Комисијата за спроведување на постапката за екскурзија.

Комисија за спроведување на постапката за екскурзии при ООУ „Григор Прличев“ Охрид